Република Северна Македонија
НОТАР
Зорица Пулејкова
за подрачјето на Основните судови
на градот Скопје
Кузман Јосифовски Питу 15

ОДУ број 347/20

ИЗВОД

30 јуни 2020 година ---------------------------------------------------------------------------
Триесетти ден, месец јуни, две илјади и дваесетта година ------------------------
Во Скопје, во 12 (дванаесет ) часот, 0 (нула) минути.-------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------

Јас, помошник нотар Бети Ѓорѓиева на нотар Зорица Пулејкова, со службено седиште на бул.Кузман Јосифовски Питу број 15 во Скопје, денес, на 30 јуни 2020 година (Триесетти ден, месец јуни, две илјади и дваесетта година), на покана од СТОПАНСКА БАНКА АД - Скопје, со седиште на ул. 11 Октомври број 7 во Скопје, присуствував на седница на Собранието на акционерите на Банката која се одржа на денешен ден во седиштето на Банката на ул. 11 Октомври број 7 во Скопје, со почеток во 12 (дванаесет) часот, во услови кои овозможуваат примена и почитување на мерките за спречување на внесување и ширење на Коронавирусот COVID-19, согласно Одлуката на Владата на Република Северна Македонија (Службен весник на Република Северна Македонија број 62/20, број 63/20, број 64/20, број 66/20, број 70/20, број 72/20, број 92/20, број 100/20, број 107/20, број 109/20, број 119/20, број 123/20, број 125/20, број 126/20, број 134/20, број 136/2020, број 140/2020, број 147/2020, број 153/2020, број 154/2020, број 156/2020, број 157/2020, и број 163/2020), и во согласност со препораките на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за начинот на одржување на годишните собранија на акционери, при што, согласно член 93 од Законот за нотаријатот (Службен весник на Република Северна Македонија, број 72/2016, број 142/2016 и број 233/2018), и член 407 во врска со член 383 став 3 од Законот за трговските друштва, го составив следниот ----------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------

## ЗАПИСНИК ОД СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИТЕ на СТОПАНСКА БАНКА АД - Скопје

----------------------------------------------------------------------------------------------------

Од страна на СТОПАНСКА БАНКА АД - Скопје на мое барање ми беше предочена следната документација: ----------------------------------------------------

1. Тековна состојба на Банката од Единствениот трговски регистар издадена од Централниот регистар на Република Македонија Регионална регистрациона канцеларија Скопје, од која утврдив дека СТОПАНСКА БАНКА АД - Скопје, со седиште на ул. 11 Октомври

број 7 во Скопје, е запишна во Единствениот трговски регистар што го води Централниот регистар на Република Северна Македонија, со ЕМБС 4065549; ---------------------------------------------------------------------------

2. Акционерската книга на СТОПАНСКА БАНКА АД - Скопје, со состојба на ден 29.06.2020 година, во која се евидентирани акционерите на Друштвото, со вкупен број на обични акции 17.460.180 и вкупен број на гласови 17.460.180, како и акционерите на Друштвото, со вкупен број на приоритетни акции 227.444, без право на гласови. ------------------
3. Список на претставени акционери сопственици на обични акции или нивни претставници кои гласале по пат на кореспонденција, со број на акции односно гласови. Од наведениот список, по неговата верификација, се утврди дека на седницата на собранието се претставени акционери на Банката кои се сопственици на обични акции и нивни застапници или полномошници, со вкупно 16.524.591 гласа, што претставува 94,6% од вкупниот број на обични акции со право на глас. ------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------

Седницата ја отвори г-ѓа Наташа Трпеноска-Тренчевска која претседавала со претходната седница на Собранието, која изрази жалење за начинот на кој се одржува денешната седница на Собранието на акционери условено од мерките за спречување на внесување и ширење на Коронавирусот COVID-19, после што г-ѓа Соња Николовска предложи за претседавач на седницата на Собранието повторно да биде избрана г-ѓа Наташа Трпеноска Тренчевска, акционер на Банката, за записничар да биде избрана помошник нотар Бети Ѓорѓиева на нотар Зорица Пулејкова нотар од Скопје, и за бројач на гласови да биде избрана г-ѓа Вики Русевска-Тврткoвиќ, акционер имател на приоритетни акции. -----------------------------
Со оглед на тоа што друг предлог не беше доставен, се стави на гласање предлогот за претседавач на седницата на Собранието да биде избрана г-ѓа Наташа Трпеноска-Тренчевска, акционер на Банката, за бројач на гласови да биде избрана г-ѓа Вики Русевска-Тврткoвиќ, акционер имател на приоритетни акции, и за записничар да биде избрана помошник нотар Бети Ѓорѓиева на нотар Зорица Пулејкова, нотар од Скопје. Акционерите гласаа по пат на кореспонденција. За предлогот за претседавач на седницата на Собранието да биде избрана г-ѓа Наташа Трпеноска - Тренчевска, акционер на Банката, за бројач на гласови да биде избрана г-ѓа Вики Русевска-Тврткoвиќ, акционер имател на приоритетни акции, и за записничар да биде избрана Бети Ѓорѓиева помошник нотар на г-ѓа Зорица Пулејкова, нотар од Скопје, акционерите се изјаснија со 16.524.591 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ. ------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------

Г-ѓа Наташа Трпеноска - Тренчевска, чиј што идентитет го утврдив преку увид во нејзината лична карта, откако се заблагодари на довербата, констатира дека на денешната седница на Собранието се поканети сите акционери на Банката да учествуваат по пат на кореспонденција, со оглед на вонредната состојба, а со цел почитување на заштитните мерки за спречување на ширење на вирусот КОВИД-19 на Владата на Република

Северна Македонија и согласно соопштението на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија од 16.03.2020 година за модификација на одржување на годишните собранија на акционерите, преку јавниот повик објавен во дневниот весник Вечер 30 дена пред одржување на седницата. Понатаму констатира дека преку увидот во Списокот на претставени акционери на собранието утврдила дека на седницата се претставени со гласање по пат на кореспонденција акционери на Банката кои се сопственици на обични акции со вкупно 16.524.591 гласа, што претставува 94,6% од вкупниот број на обични акции со право на глас, така што постои кворум за работа на Собранието и за донесување на полноважни одлуки според предложениот Дневен ред. -------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот го стави на гласање предложениот --------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------

Дневен ред

---------------------------------------------------------------------------------------------------------

1. Избор на Претседавач, нотар и бројач на гласови; ---------------------------
2. Разгледување на Записникот од 47-та седница на Собранието на акционери на Стопанска банка АД -Скопје одржана на 4 март 2020 година;--------------------------------------------------------------------------------
3. Донесување на Одлука за потврдување на оставката на член на Надзорен одбор; -------------------------------------------------------------------
4. Донесување на Одлука за повторно именување на член на Надзорен одбор; -----------------------------------------------------------------------------
5. Донесување на Одлука за усвојување на Годишната сметка и Финансиските извештаи на Стопанска банка АД - Скопје за 2019 година; ---------------------------------------------------------------------------------
6. Разгледување и усвојување на Ревидираните финансиски извештаи на Стопанска банка АД - Скопје за 2019 година, со писменото мислење од Надзорниот одбор; -----------------------------------------------------------
7. Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка АД - Скопје во 2019 година, со писменото мислење од Надзорниот одбор; -----------------------------------------------------------
8. Донесување на Одлука за распоредување на добивката за 2019 година;
9. Донесување на Одлука за начинот на пресметување и исплата на дивиденда на имателите на приоритетни акции за 2019 година; ------------
10. Донесување на Одлука за прераспределба на дел од акумулирана добивка во добивка ограничена за распределба на акционерите; --------
11. Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор за 2019 година; ------------------------------------------
12. Донесување на Одлука за назначување на овластено друштво за ревизија за 2020 година. -------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------

Акционерите гласаа по пат на кореспонденција. За предложениот Дневен ред акционерите се изјаснија со 16.524.591 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ. ----------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека предложениот Дневен ред е усвоен едногласно.------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека од страна на акционер имател на приоритетни акции во писмена форма се доставени прашања кон точките шест, седум и девет од Дневниот ред, на кои ќе биде писмено одговорено од страна на Банката. Прашањата кон точките шест, седум и девет од Дневниот ред доставени од акционерот во писмена форма претставуваат Прилог И кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. ---------------------------------------------------------------------------------------------------

Со оглед на тоа што првата точка беше исцрпена, се премина на втората точка од Дневниот ред- Разгледување на Записникот од 47-та седница на Собранието на акционери на Стопанска Банка АД Скопје. Претседавачот констатира дека Записникот бил изготвен, потпишан и достапен на увид на акционерите во согласност со член 407 од Законот за трговските друштва, појаснувајќи дека акционерите по оваа точка не носат одлука. ---
Претседавачот констатира дека Собранието го разгледа Записникот од 47-та седница на Собранието на акционери на Стопанска банка АД Скопје. ---------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на третата точка од Дневниот ред - Донесување на Одлука за потврдување на оставката на член на Надзорен одбор. Претседавачот ја прочита Одлуката за потврда на оставката на г.Спиридон Ставрос Маврогалос Фотис, после што истата ја стави на гласање. --------------------
Акционерите гласаа по пат на кореспонденција. За донесување на Одлуката за потврдување на оставката на член на Надзорен одбор акционерите се изјаснија со 16.524.591 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ. ------------------------------------------------------------------------
Претседавачот констатира дека Одлуката за потврдување на оставката на член на Надзорен одбор е донесена едногласно и истата претставува Прилог А кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. ---------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на четвртата точка од Дневниот ред - Донесување на Одлука за повторно именување на член на Надзорен одбор. Претседавачот ја прочита Одлуката за повторно именување на г-ѓа Димитра Гудуфа за член на Надзорниот одбор на Банката, после што истата ја стави на гласање. ---
Акционерите гласаа по пат на кореспонденција. За донесување на Одлуката за повторно именување на член на Надзорен одбор акционерите се изјаснија со 16.524.591 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ. ------------------------------------------------------------------------
Претседавачот констатира дека Одлуката за повторно именување на член на Надзорен одбор е донесена едногласно и истата претставува Прилог Б кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. --------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на петата точка од Дневниот ред - Донесување на Одлука за усвојување на Годишната сметка и Финансиските извештаи на Стопанска банка АД - Скопје за 2019 година. Претседавачот ја прочита Одлуката, после што истата ја стави на гласање. ---------------------------------------------
Акционерите гласаа по пат на кореспонденција. За донесување на Одлуката за усвојување на Годишната сметка и Финансиските извештаи на Стопанска банка АД - Скопје за 2019 година, акционерите се изјаснија со 16.524.591 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ. --------------
Претседавачот констатира дека Одлуката за усвојување на Годишната сметка и Финансиските извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2019 година, е донесена едногласно и истата претставува Прилог В кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. --------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
Се премина на шестата точка од Дневниот ред - Разгледување и усвојување на Ревидираните финансиски извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2019 година, со писменото мислење од Надзорниот одбор. Претседавачот ја стави точката на гласање. -----------------------------------------
Акционерите гласаа по пат на кореспонденција. За донесување на Одлуката за усвојување на Ревидираните финансиски извештаи на Стопанска банка АД - Скопје за 2019 година, со писменото мислење од Надзорниот одбор, акционерите се изјаснија со 16.524.591 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ. -------------------------------------------------
Претседавачот констатира дека Одлуката за усвојување на Ревидираните финансиски извештаи на Стопанска банка АД - Скопје за 2019 година, со писменото мислење од Надзорниот одбор, е донесена едногласно и истата претставува Прилог Г кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. ---------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
Се премина на седмата точка од Дневниот ред - Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка АД - Скопје во 2019 година, со писменото мислење од Надзорниот одбор. Претседавачот ја стави точката на гласање. ------------------------------------------------------------
Акционерите гласаа по пат на кореспонденција. За донесување на Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка АД - Скопје во 2019 година, со писменото мислење од Надзорниот одбор, акционерите се изјаснија со 16.524.591 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ. -------------------------------------------------
Претседавачот констатира дека Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка АД - Скопје во 2019 година, со писменото мислење од Надзорниот одбор, е донесена едногласно и истата претставува Прилог Д кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. ---------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
Се премина на осмата точка од Дневниот ред - Донесување на Одлука за распоредување на добивката за 2019 година. Претседавачот ја прочита Одлуката, после што истата ја стави на гласање. ------------------------------------
Акционерите гласаа по пат на кореспонденција. За донесување на Одлуката за распоредување на добивката за 2019 година, акционерите се

изјаснија со 16.524.591 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ. ------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот констатира дека Одлуката за распоредување на добивката за 2019 година, е донесена едногласно и истата претставува Прилог Ѓ кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. ------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------
Се премина на деветата точка од Дневниот ред - Донесување на Одлука за начинот на пресметување и исплата на дивиденда на имателите на приоритетни акции за 2019 година. Претседавачот ја прочита Одлуката, после што истата ја стави на гласање. -----------------------------------------------
Акционерите гласаа по пат на кореспонденција. За донесување на Одлуката за начинот на пресметување и исплата на дивиденда на имателите на приоритетни акции за 2019 година, акционерите се изјаснија со 16.524.591 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ. ----------
Претседавачот констатира дека Одлуката за начинот на пресметување и исплата на дивиденда на имателите на приоритетни акции за 2019 година, е донесена едногласно и истата претставува Прилог Е кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. ---------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------
Се премина на десетата точка од Дневниот ред - Донесување на Одлука за прераспределба на дел од акумулирана добивка во добивка ограничена за распределба на акционерите. Претседавачот ја прочита Одлуката, после што истата ја стави на гласање. -----------------------------------------------------
Акционерите гласаа по пат на кореспонденција. За донесување на Одлуката за прераспределба на дел од акумулирана добивка во добивка ограничена за распределба на акционерите, акционерите се изјаснија со 16.524.591 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ. --------------
Претседавачот констатира дека Одлуката за прераспределба на дел од акумулирана добивка во добивка ограничена за распределба на акционерите, е донесена едногласно и истата претставува Прилог Ж кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. -----------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------
Се премина на единаесетата точка од Дневниот ред - Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор за 2019 година. Претседавачот ја стави точката на гласање. -----------------------
Акционерите гласаа по пат на кореспонденција. За донесување на Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор за 2019 година, акционерите се изјаснија со 16.524.591 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ. -----------------------------
Претседавачот констатира дека Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор за 2019 година, е донесена едногласно и истата претставува Прилог З кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. -----------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------
Се премина на дванаесетата точка од Дневниот ред - Донесување на Одлука за назначување на овластено друштво за ревизија за 2020 година. Претседавачот ја прочита Одлуката, после што истата ја стави на гласање. ------------------------------------------------------------------------------------

Акционерите гласаа по пат на кореспонденција. За донесување на Одлуката за назначување на овластено друштво за ревизија за 2020 година, акционерите се изјаснија со 16.524.591 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ. ----------------------------------------------------------------------------
Претседавачот констатира дека Одлуката за назначување на овластено друштво за ревизија за 2020 година, е донесена едногласно и истата претставува Прилог Ѕ кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. ----------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------

Откако констатира дека се исцрпени сите точки од Дневниот ред, Претседавачот ја затвори седницата во 13 (тринаесет) часот и 10 (десет) минути. ----------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------

Потврдувам дека овој акт лично го составив и лично му го прочитав на Претседавачот на Собранието, и дека го предупредив на правните последици од ваквата правна работа. ----------------------------------------------------------------------------
Учесникот изјави дека ги прифаќа правните последици кои произлегуваат од оваа правна работа и дека содржината на овој записник во целост одговара на дејствијата кои се случувале на седницата на Собранието. ------
Овој записник е составен на седум страни од седум листа. На претседавачот на учесникот му е издаден еден извод, како и по еден извод за Стопанска Банка АД - Скопје, Народната Банка на Република Северна Македонија, и Централниот регистар на Република Северна Македонија. Изворникот на записникот се чува во мојата архива. -------------------------
Нотарската такса по тарифен број 27 од Законот за судски такси во износ од 500,00 денари е уредно наплатена. ----------------------------------------------------------------------------
Нотарската награда е пресметана во износ од 10.000,00 денари, согласно член 41 од Нотарската тарифа. ----------------------------------------------------------------------------

Учесник во постапката, Претседавач Г-ѓа Наташа Трпеноска-Треневска, с.р.

Нотар
Зорица Пулејкова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПОМОШНИК НОТАР
БЕТИ ЃОРГИЕВА
за подрачјето на основните судови на градот Скопје

НОТАР ЗОРИЦА ПУЛЕЈКОВА СКОПЈЕ

„И"

# Прашања

за 48-та седница на Собранието на акционерите на Стопанска банка АД Скопје

**1. Прашања кон Точка 6** (Разгледување и усвојување на Ревидираните финансиски извештаи на Стопанска банка АД - Скопје за 2019 година,со писменото мислење од Надзорниот одбор)

**Сите прашања се упатени до Ревизорот. Одговорите да бидат доставени во писмена форма на меморандум од Ревизорот и како посебен документ (во pdf) објавени на интернет страната на банката "Одговори од ревизорот":**

**Согласно член 33 став 6 од Законот за ревизија:**

(6) Ревизорскиот извештај се разгледува на годишно собрание на субјектот на ревизија и е достапен за контрола и прашања од било кој акционер или содружник

**го повикувам Ревизорот да одговори:**

До ревизорското друштво ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО - Скопје кое беше избрано да врши ревизија на финансиските извештаи на Банката за 2019 година, акционер достави Укажување за неправилно класифицирање на приоритетни акции издадени од Стопанска банка АД Скопје на 17.01.2020 и дополнување на Укажувањето на 17.03.2020. Во дописот е укажано на:

- Погрешна примена на стандардите за финансиско известување и сметководствени стандарди при класифицирање на приоритетните акции како финансиски инструменти во Билансот на состојба, во делот на капиталот и при пресметка на разводнета заработка по акција, што е спротивно и на поглавјето 4.10. *Издаден капитал и премија од акции*: 4.10.1. *Класификација* од Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи пропишана од Народната банка.
- Банката не ги вклучила правата, обврските, ограничувањата и погодностите на приоритетните акции во Статутот и со тоа не го усогласила со одредбите од член 287 (1) 4) од ЗТД од 2004 и покрај укажувањето од КХВ дека треба да го изврши усогласувањето. Законот за банки во член 106 децидно одредил дека ревизијата се врши на (3) работењето на банката што опфаќа 6) усогласеноста на работењето на банката со прописите.
- Сега важечкиот ЗТД од 2004 година со член 278 го одредува правото на дивиденда на приоритетните акции „во однапред утврден паричен износ или во процент од номиналниот износ на акцијата".

Но, Ревизорската куќа не ги зеде предвид укажувањата при вршење на ревизијата и изготвување на ревизорско мислење за ФИ на Банката за 2019 година, и до акционерите го дала следното мислење:

"Според наше мислење, финансиските извештаи на Стопанска банка АД - Скопје за годината која завршува на 31.12.2019 година, во сите материјални аспекти, се подготвени во согласност со сметководствената регулатива која се применува во Република Северна Македонија."

**1.1 Зошто Ревизорската куќа не постапила по укажувањата?**

**1.2 Дали одлуката за исплата на дивиденда на приоритетните акции за 2019 година е во согласност со ЗТД (Член 278 став 2)?**

Ревизорската куќа треба ревизијата да ја изврши во согласност со Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат ревизијата да се планира и изврши на начин кој ќе овозможи да се добие разумно уверување дека во финансиските извештаи нема погрешни прикази од материјално значење. **Ревизијата вклучува проверка на изворната документација** врз основ на која се евидентирани износите и приказите во финансиските извештаи. Ревизија мора да го опфати и следново: Проверка на усогласеноста со законските прописи на постапките и процедурите на сметководството, деловните книги, сметководствената документација и обработката на податоци, признавањето на приходите и расходите и проценување на билансните позиции.

**1.3 Дали Ревизорската куќа ги побарала одлуките за издавање на акции од втора, трета и четврта емисија како би го проверила укажувањето?**

**1.4 Дали Ревизорската куќа проверила Статутот на Банката дали е во согласност со ЗТД Член 287 став (1) точка 4) и што утврдила?**

Во укажувањето доставено до Ревизорската куќа даден е извлечок од одлуката за втора емисија на акции за правата што ги имаат приоритетните акции (точка 8 до 11). Одлуката била усвоена на 20.06.1991 според тогаш важечкиот Закон за хартии од вредност (СЛ 64/1989).

**1.5 Што за вас претставува точка 11, односно дали издавачот исправно ги класифицирал приоритетните акции со тоа што ги квалификувал како обврска, а не и како сопственички инструмент затоа што според договорниот аранжман (Одлука за емисија на акциите) овие акции можат да учествуваат во распределба на добивката?** Барам јасно и недвосмислено да одговорите и вашиот одговор да темели на конкретен Закон и член, односно Стандард/ Правилник/Методологија, а во продолжение го цитирам делот од МСС32 точка 16:

" ... дали финансискиот инструмент е сопственички инструмент, а не финансиска обврска, инструментот е сопственички инструмент доколку, и само доколку се исполнети двата услови под (а) и (б) наведени подолу:

(а) Инструментот не содржи договорна обврска:

(i) Да му даде пари или друго финансиско средство на друг ентитет;

(ii) За размена на финансиски средства или финансиски обврски со друг ентитет според услови кои се потенцијално неповолни за издавачот.

(б) Доколку инструментот ќе се подмири или може да биде подмирен со сопствени сопственички инструменти на ентитетот, тој е:

(i) Не-дериватива инструмент кој не содржи договорна обврска за издавачот да достави варијабилен број на негови сопствени сопственички инструменти;

"4"

(ii) Дериватив кој ќе биде подмирен само кога издавачот ќе размени фиксен износ на пари или друго финансиско средство за фиксен број на негови сопствени сопственички инструменти. За таа цел сопствените сопственички инструменти на издавачот не вклучуваат инструменти кои ги поседуваат сите карактеристики и ги исполнуваат условите кои се опишани во точките 16А и 16Б или точките 16В и 16Г, или инструменти кои се договори за идно примање или давање на сопствени сопственички инструменти на издавачот.

." (затворен цитат)

**1.6 Ревизорската куќа да го наведе, те. цитира делот од Меѓународните сметководствени стандарди прифатени во Република Северна Македонија според кој приоритетните акции издадени од Банката се категоризирани во финансиските извештаи?**

**2. Прашања кон Точка 7** (Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка АД - Скопје во 2019 година, со писменото мислење од Надзорниот одбор, стр. 24) :

**Одговорите на прашања да бидат одговорени лично од раководителот на Секторот за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите, со име и презиме и потпис !**

| |
|---|
| <u>Активности за контрола на усогласеноста со прописите, спречување на перење пари и борба против финансирање на тероризмот</u><br>Во Статутот на Банката не се наведени правата од приоритетните акции што се одредени во одлуките за издавање на акции како што е предвидено со Член 287 (1) 4) од Законот за трговски друштва (ЗТД) донесен во 2004 година, што од страна на Комисијата за хартии од вредност на РСМ (КХВ) е оценето како отсуство на поблиско прецизирање на правата на приоритетните акции издадени од оваа Банка и дека постои правна дискрепанца во поглед на правата кои ги дава постојната законска регулатива и правата кои во пракса ги остваруваат имателите на овие приоритетни акции. |
| **2.1 Како работи Секторот за контрола на усогласеноста на работењето со прописите ако пропуштил да иницира усогласување со ЗТД во 2004 година, да занемари неусогласеност во овој дел во тек на 15 години и да не констатира потреба да се изврши усогласување ни после укажување од страна на КХВ која е супервизор на институциите на пазарот на капитал, а Банката како издавач на хартии од вредност е субјект на регулацијата и супервизијата на тој пазар?**<br>**2.2 Дали Секторот смета дека Статутот на Банката е во согласност со Член 287 (1) 4) од ЗТД, односно дека во Статутот се прикажани правата на приоритетните акции? Ако ДА, барам Секторот да го цитира делот од Статутот во кој се наведени правата на приоритетните акции издадени од Стопанска Банка АД Скопје?** |

**3. Прашања кон Точка 9** (Донесување на Одлука за начинот на пресметување и исплата на дивиденда на имателите на приоритетни акции за 2019 година):

| |
|---|
| Сега важечкиот ЗТД од 2004 година со член 278 го одредува правото на дивиденда на приоритетните акции „во однапред утврден паричен износ или во процент од номиналниот износ на акцијата“. |
| **3.1 Зошто Банката 15 години во континуитет исплаќа гарантирана дивиденда на приоритетните акции што е во спротивност со цитираниот член од ЗТД?** |

| |
|---|
| Во Образложението на истата Одлука од точка 9 наведувате дека приоритетните акции се издавани само со втората и четвртата емисија на акции. |
| **3.2 Каква е судбината на Одлуката за издавање на акции од трета емисија од 28.4.1993 те. 02.06.1994 со која се издадени 29.000.000 обични и 1.000.000 приоритетни акции со номинални износи од 10 денари по акција?**<br>**3.3 Зошто таа Одлука во ниедна одлука за дивиденда на приоритетни акции на Банката не се споменува 20 години?**<br>**3.4 Дали се работи за повлекување на акциите од промет?**<br>**3.5 Дали се работи за нереализирање на третата емисија на акции?**<br>**3.6 Доколку се работи за пропуст, дали може да потврдите?** |

Акционер: Влатко Ташковски